


## ИСЕЛЕНИЧКИ СРЕДБИ ВО ДОЛНА ПРЕСПА

**Иселеничките средбо кои се одржуваат во Љубојно по 45 - ти пат се повод слични средби да се организираат и во другите долнопреспански села: Долно Дупени, Брајчино и Штрбово, како и во други села во Преспа, Подмочани, Болно и Пустец, и во Мала Преспа. И овие средби, главно, имаат иселенички карактер**

Средбите ги организираат иселениците од дијаспората и месното население. А целта е да се вратат иселениците во своите родни огништа, да се видат со своите најблиски, да има повторни видувања со роднините и пријателите, да имаат пријатни мигови во родните огништа и сето тоа да остане незаборавно.

На иселеничките средби во Долна Преспа покрај другарувањата во родното село, кое со невидена сила ги привлекуваат иселените повторно да се вратат на дедовските корени, се паметат долгите ора накитени и со младо и старо и се вијат сред село, прекрасната атмосфера и моментот кога селото е живо како во поранешните времиња. На иселеничките средби сите се дел од многубројните случувања кои останувaат за паметење во родното село под Пелистер.




Една од првите иселеничката средба во Долно Преспа започна да се одржува во Долно Дупени во 1989 година. По иницијатива на иселеници од Долно Дупени кои живеат во Торонто: Ѓорѓи Ристевски, Михајло Николовски - Мајорчето и Васил Ангеловски се

одлучи да се одржуваат слични средби како во Љубојно. Така, иницијаторите решија финансиски да ја поддржат средбата и заедно со претставници на Месната заедница да ја организираат.

Иницијативата да се организира првата манифестација од ваков вид во Долно Дупени наиде на широк одејќи кај населението. Првата иселеничка средба се одржа на 14 јули 1989 година во чест на „Св. Кузман и Дамјан – Св. Врач“, селската слава. На тој ден се собраа голем број мештани како и дојденци од Канада, САД, Австралија и од поранешните европски замји, туристи, намерници и бројни посетители од соседните села. Се пееше, се играше и се пиеше на Полена и по домовите Тој е денот сите ја изразија својата љубов кон Долно Дупени, кон својот народ и кон Македонија.

Повеќе од дваесет години традицијата продолжи „Долнодупенските иселенички средби“ да се негуваат и средбите да се организираат на викендите најблиску до празникот „Св. Кузман и Дамјан“. Иселеничките средби се одржуваа во недела и траеја еден ден. Според програмата се одржуваше духовна богослужба во храмот посветен на светците чувари на селото, потоа на сред село, на „Полена“ одбраната музика и естрадните уметници ги забавуваа присутните до доцна во ноќните часови.



L = 500 m
ГРАНИЧЕН ПОЈАС
ДВИЖЕЊЕ СО ДОЗВОЛА
BORDER LAND






**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**